ПОСТАПКА, УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ИЛИ ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ, СКЛАДИРАЊЕ И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА,РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДНИ МАСЛА ЗА 2026 ГОД.

ОИЛТЕК ДОО Скопје, со седиште на Бул. Трета македонска бригада бр. 72, Скопје, во согласност со важечката законска регулатива и своите деловни обврски како колективен постапувач, објавува Јавен повик за избор на овластени правни и физички лица за соработка во областа на управување со отпадни масла за 2026 година.

ПРЕДМЕТ НА ПОВИКОТ

- Повикот се однесува на вршење на следните активности:
- Собирање на отпадни масла;
- Транспорт и привремено складирање;
- Третман, преработка и/или рециклирање;
- Развој и одржување на соодветна инфраструктура.

ПОСТАПКА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Повикот се спроведува во согласност со Член 29 од Правилникот за управување со посебните текови на отпад и останатите подзаконски акти, при што истиот останува отворен континуирано сè до исполнување на целите утврдени од страна на ОИЛТЕК ДОО како Колективен постапувач. Секој заинтересиран понудувач има право да аплицира во било кое време, при што понудите ќе бидат разгледувани периодично, а избраните субјекти ќе склучат договори со минимално времетраење од една фискална година.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

1. Важечка дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање;
2. Соодветни технички, кадровски и логистички капацитети;
3. Обезбедена законска следливост и уредна евиденција на отпадот.

НАЧИН И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДУ

Понудите можат да се достават во текот на 2026 година на следната адреса:

ОИЛТЕК ДОО Скопје

Бул. 3-та Македонска Бригада бр. 72, 1000 Скопје

Е-пошта: oiltek.kontakt@gmail.com

- Со понудата задолжително се доставуваат:
- Копија од важечка дозвола;
- Краток опис на технички и оперативен капацитет;
- Предлог услови за соработка;
- Контакт лице и податоци за комуникација.

Некомплетните понуди нема да бидат разгледувани.

НАДЗОР И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Избраните субјекти се должни да водат уредна евиденција и да доставуваат годишен извештај најдоцна до 31 јануари за претходната календарска година. ОИЛТЕК ДОО го задржува правото на контрола и проверка согласно закон.

ОИЛТЕК ДОО Скопје

Овластено лице

_____